Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Годишен извештај

на

НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Јануари-Декември 2018година

Скопје 2019

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ во текот на 2018 година ги имплементираше следниве проекти:

→ **„На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Македонија“** чија цел е подобрен дијалог со носителите на одлуки за подобрување на законската рамка и системот за заштита и подршка на жените од сите форми на насилство, како и зголемено учество и видливост на женските организации во процесот на пристап во ЕУ со подобрен пристап до релевантни податоци за различните форми на родово базирано насилство. Проектот е поддржан од шведската фондација Квина тил Квина.

→ **„Спроведување на Национална студија за насилство врз деца“,** во партнерство со канцеларијата на УНИЦЕФ, во рамки на договорот за соработка воспоставен помеѓу УНИЦЕФ и Владата на Република Македонија. Истражувањето се фокусира на идентификување и проценка на институционалните механизми за превенција, идентификување, пријавување, упатување и заштита во случаи на насилство врз деца, во рамките на системот за заштита на децата.

→ **„Летна школа за женски активизам“**чија општа цел е создавање на општество без насилство, општество во кое жените и девојчињата ќе имаат можност целосно да ги развијат своите потенцијали и активно да учествуваат во создавање на заедници со еднакви можности. Краткорочни цели на проектот беа:Социјална мобилизација и зајакнување на девојките од различни етнички групи за промоција на родова рамноправност преку нивно активно вклучување во неформалното образование и Унапредување на капацитетите на девојките за практична примена и развој на родова рамноправност во локалната заедница. Проектот беше имплементиран со финансиска поддршка од општина Центар.

→ **„Воспоставување на Национална линија за советување за позитивно родителство“**во партнерство со канцеларијата на УНИЦЕФ, во рамки на договорот за соработка воспоставен помеѓу УНИЦЕФ и Владата на Република Македонија. Целта на проектот е обезбедување на поддршка на родителите и зајакнување на родителските вештини преку користење на концептот на позитивно родителство.

АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНАТА МРЕЖА ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

ФЕВРУАРИ

- **15.02.2018 г.**, беше официјално отворена **онлајн платформата за зајакнување на граѓанските организации (CSSP)** која ја води Европската мрежа на жени против насилство (WAVE). На платформата има посебен дел за Македонијакаде ќе бидат споделувани информации од земјата на македонски и англиски јазик. Националната мрежа е дел од оваа плаформа заедно со женски организаии од Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Србија и Турција. Целта е зајакнување на мрежите на женските организации во овие земји, како и во целиот регион на Западен Балкан и Турција.

МАРТ

- **08.03.2018 г. – Учество на марш за женски права „Дали е среќен 8ми Март“**

Националната мрежа присуствуваше и го поддржа **Маршот за женски права** кој беше организиран на 8ми Март, Меѓународниот ден на жената од страна на Платформата за родова еднаквост насловен како „Дали е Среќен 8ми Март?“. Преку транспарентите и изјавите беше пратена порака нема да толерираме празна реторика! Не прифаќаме декларативно залагање за родова еднаквост, ниту закони и стратегии за кои не се издвојуваат финансиски средства и кои не водат кон остварување на реални промени во животите на жените. На маршот беше прочитан и *Проглас за женски права и родова еднаквост* преку кој беа соопштени фактите за состојбата со родовата еднаквост и женските права во Република Македонија.

➢ **14. 15. И 23 март** беа одржани **три валидациски средби** со претставници од релевантните министерства и институции кои работат на проблематиката на насилство врз деца. Цел на средбите беше презентација и дискусија за наодите и препораките добиени од истражувањето за постапување во случаи на насилство врз деца во системот за заштита на децата.Првата средба на 14.03.2018 г. беше со претставници од центрите за социјални работи и МВР, втората (15.03.2018) со претставници од Министерство за здравство и Министерство за образование и наука, а третата средба (23.03.2018) беше со претставници од секторот правда, Народен правобранител и ОЈО.Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, во партнерство со Канцеларијата на УНИЦЕФ, спроведе студија за Идентификување и проценка на институционалните механизми за превенција, идентификување, пријавување, упатување и заштита во случаи на насилство врз деца, во рамките на системот за заштита на децата. Спроведувањето на студијата беше финансиски поддржано од Европската Унија, а кофинансирано од УНИЦЕФ, во рамките на регионалниот проект за заштита на децата од насилство и за инклузија на децата со попреченост.

АПРИЛ

➢ На **20.04.2018** год. се одржа **регионална средба со градоначалници и претставници од општините од Скопскиот плански регион, Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и Извршната директорка на Националната мрежа**. Со оваа средба започна процесот на воспоставување регионален пакет на сервиси за жени жртви на насилство.

Градоначалниците во предизборниот период, со потпишување на Јавната заложба за унапредување на заштитата на жените и децата жртви на различни форми на насилство, вклучително и семејно насилство на локално ниво, се заложија да одвојат дел од локалните буџети за

унапредување/воспоставување на сервиси за жртвите на насилство.Покрај градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, градоначалници кои беа присутни на средбата се од: Општина Аеродром, Општина Кисела Вода и Општина Ѓорче Петров, додека од Општина Центар, Општина Карпош, Општина Чаир, Општина Студеничани и Општина Сарај присуствуваа претставници од општините.

➢ **На 28 април 2018 г.**, во седиштето на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје, претставнички на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство одржаа средба со членките на Извршниот комитет на Унија на жени на ВМРО-ДПМНЕ. Средбата беше со цел дискусија за обврските кои Р. Македонија ги стекна со ратификацијата на Истанбулската конвенција, како и за процесот на воспоставување на регионален пакет на сервиси за жени жртви на различни форми на насилство. Се разговараше за понатамошните планови за заедничко делување со цел воспоставување на сеопфатна заштита од родово базирано насилство, како и активности за превенција и подигнување на свеста за овој проблем.

.

MAJ

➢ **10.05.2018 -** во хотел Холидеј ин, беше одржана презентација на студијата за проценка на институционалните механизми за превенција, идентификување, пријавување, упатување и заштита на деца од насилство, изработена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство во соработка со УНИЦЕФ.

На презентацијата воведни обраќања имаа Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, Министерот за здравство Венко Филипче, Министерката за образование и наука Рената Дескоска, Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, Раководителот на секторот за соработка при Делегацијата на Европската унија Никола Бертолини и Претставникот на УНИЦЕФ Бенџамин Перкс. Наодите и препораките од спроведената студија беа презентирани од страна на проф. д-р Стивен Џејмс Минтон, меѓународен експерт и Елена Димушевска, национален експерт.

Целта на студијата е подобро да се разбере обемот на проблемот со насилство врз децата, да се утврдат системските пропусти на ниво на создавање политики и програми и нивно спроведување и да се дадат препораки кои ќе помогнат за долгорочно планирање за превенција и заштита на децата од насилство.Спроведувањето на студијата беше финансиски поддржано од Европската Унија, а кофинансирано од УНИЦЕФ, во рамките на регионалниот проект за заштита на децата од насилство и инклузија на децата со попреченост.

➢ **19.05.2018 -** Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство во соработка со маркетинг агенцијата „Мамамо“ од Скопје, потпомогнати од општина Центар и АД Пелистерка, на 19 мај 2018, на ул.Македонија, организираа заедничка **хуманитарна акција** на која заедно со неколку македонски естрадни ѕвезди, се обидоа да ја покренат свеста за постоењето на насилството врз жените и семејното насилство во Македонија.На улица Македонија беа поставени три големи сликарски платна на кои цртаа учесниците и минувачите. Овие три платна кои се веќе оформена слика ќе бидат продадени на аукција, а средствата ќе бидат донирани во Интервентниот женски фонд. За музички дел на настанот задолжени беа Александар Митевски, Влатко Лозановски, Тони Андреев, Марко LOGOUT, Виктор Апостоловски и DJ tight beats.

ЈУЛИ

➢ На 18.07.2018 г. во работните простории на Јавна соба, се одржа работна средба со професионалците од областа на социјалната заштита, кои работат во општините на Скопскиот плански регион и тимот на Националната мрежа. Со оваа работна средба се продолжи процесот на соработка помеѓу Националната мрежа и локалната самоуправа за воспоставување на советувалишни центри за психо-социјална помош и поддршка за жени и деца жртви на семејно насилство во Скопје.

Градоначалниците во предизборниот период, со потпишување на Јавната заложба за унапредување на заштитата на жените и децата жртви на различни форми на насилство, вклучително и семејно насилство на локално ниво, се заложија да одвојат дел од локалните буџети за унапредување/воспоставување на сервиси за жртвите на насилство.

Покрај претставниците од кабинетот на градоначалникот на Град Скопје, учество земаа и професионалците од областа на социјалната заштита од следниве општини: Општина Аеродром, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Центар, Општина Кисела Вода, Општина Бутел, Општина Гази Баба и Општина Чаир.

АВГУСТ

- **На 24.08.2018 г.**во работните простории на Бродот Панини во Велес, се одржа работна средба со претставници од областа на социјалната заштита, кои работат во општините на Вардарскиот плански регион и тимот на Националната мрежа. Со оваа работна средба се започна процесот на соработка помеѓу Националната мрежа и локалната самоуправа од Вардарскиот плански регион, за воспоставување на советувалишни центри за психо-социјална помош и поддршка за жени и деца жртви на семејно насилство во Велес и Кавадарци, кои ќе го опслужуваат целиот Вардарски регион.На оваа средба учествуваа претставници од областа на социјалната заштита од: општина Неготино, општина Кавадарци, општина Свети Николе, општина Чашка, општина Градско и општина Лозово.

➢ **29.08.2018 -** во работните простории на Јавна соба-Скопје, претставници од организациите-членки на Националната мрежа заедно со тимот на извршната канцеларија одржаа работна средба за изработка на предлог иницијативи за промена и/или дополнување на постоечките закони и политики кои ја регулираат областа на насилство врз жените.

По стапувањето на сила на Истанбулската Конвенција во Република Македонија (1 јули 2018), произлезе потреба од усогласување на законите и политиките на Р.Македонија во областа на насилството врз жените. За таа цел на средбата се дискутираа стратешките цели и области на кои Националната мрежа ќе работи во последните 4 месеци од годината. Области за кои се разговараше беа: потребата од донесување на нов Закон за родово базирано насилство и/или дополнување и измена на постоечкиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, дефинирањето на самохраните родители во постоечките закони, доделување на децата на чување и воспитување согласно препораките на Истанбулската конвенција, потребата од социјални пакети за жените и деца жртви на насилство, а воедно беа селектирани и надлежните институции и организации со кои ќе се оствари соработка за остварување на стратешките цели.

Со цел изработка на предлог политики и предлог иницијативи за промена и/или дополнување на постоечките закони, ќе бидат формирани работни групи во кои ќе учествуваат претставнички/ци од организациите членки на Националната мрежа.Организации членки кои земаа учество на средбата беа: Организација на жени на Град Скопје, Здружение на еднородителски семејства-Една може!, Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Здружение на жени Албанки-Кичево и Асоцијација за здравствена едукација и истражување-ХЕРА.

СЕПТЕМВРИ

➢ **21.09.2018 -** Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство во соработка со Академијата за судии и јавни обвинителив „Павел Шатев“, организираше работна средба со судии и јавни обвинители на која се разговараше

за имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство-Истанбулска конвенција.На работната средба беше презентирано значењето на Истанбулската конвенција, а потоа се зборуваше за потребните измени и дополнувања во македонското законодавство, практиките на судиите и јавните обвинители при случаи на насилство врз жени и семејно насилство како и, како да се подобрат и за потребата од подобрување на соработката помеѓу институциите кои се занимаваат со проблемот на насилство врз жени и семејно насилство.Говорнички на средбата беа: Билјана

Настовска од UNDP Македонија, Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ од Македонско здружение на млади правници и Марта Гусар, адвокатка од Скопје.

➢ **25.09.2018 -** во работните простории на хотел Лирак во Тетово, се одржа работна средба со претставници од областа на социјалната заштита, кои работат во општините на Полошкиот плански регион и тимот на Националната мрежа. Со оваа работна средба се започна процесот на соработка помеѓу Националната мрежа и локалната самоуправа од Полошкиот плански регион, за воспоставување на советувалишни центри за психо-социјална помош и поддршка за жени и деца жртви на семејно насилство во Тетово и Гостивар, кои ќе го опслужуваат целиот Полошки регион.

На оваа средба учествуваа претставници од областа на социјалната заштита од: општина Тетово, општина Врапчиште, општина Јегуновце, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Маврово и Ростуша и општина Желино.

ОКТОМВРИ

➢ На **13 и 14 октомври**, во хотел **Романтик, Велес**, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство организираше **Обука за значењето и примената на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство - Истанбулска конвенција.**

Обуката беше наменета за Женските форуми на политичките партии и на истата присуствуваа шеснаесет политичарки од следниве политички партии: НСДП, ЛДП, ЛПМ, СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, Обединети за Македонија, ГРОМ, ПЕИ, ДУИ и ДПА.



На обуката беше презентирано значењето на Истанбулската конвенција за Република Македонија и беа изработени предлог активности кои Женските форуми во соработка со Националната мрежа ќе ги преземат за промовирање на Истанбулската конвенција пред членствата на политичките партии, како и активностите кои ќе ги имплементираат на локално ниво со Комисиите за еднакви можности.

- **26.10.2018** во конферециската сала на Јавна соба-Скопје, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство ја промовираше **Анализата на случаи на фемициди-убиства на жени во Република Македонија.**

Анализата е спроведувана во периодот **Септември – Ноември 2017** година, а ги опфаќа убиствата на жени кои се случиле во периодот од 2008 до 2016 година. Покрај презентација на наодите добиени од увидот во судските предмети, беа презентирани и препораки за унапредување на заштитата на жените жртви, како и препораки за превенција од оваа најтешка форма на насилство.

На промоцијата воведни обраќања дадоа: Министерот за внатрешни работи, Г-дин Оливер Спасовски, Министерката за труд и социјална политика, Г-ѓа Мила Царовска и постојаната координаторка на ОН и постојана претставничка на УНДП, Г-ѓа Луиза Винтон.

Главна цел на анализата беше да го утврди точниот број на фемициди во Република Македонија во периодот од 2008 до 2016 година, како и презентирање на институционалниот одговор кога се пријавува случај на насилство врз жените и кои мерки се преземаат за заштита на жртвата.Анализата имаше за цел и да го актуелизира прашањето за „родово заснованите убиства“ преку иницирање на дискусија помеѓу релевантните чинители и носители на одлуки кои ќе го отворат процесот на усогласување на националното законодавство со препораките од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.

НОЕМВРИ

➢ **12.11.2018 –** Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, како партнер на Канцеларијата на УНИЦЕФ во РМ во имплементација на проектот „Воспоставување на Национална линија за советување за позитивно родителство“ објавува повик за ангажирање на лица – оператори на телефонски линии за советување за позитивно родителство.

ДЕКЕМВРИ

➢ **Школа за женски активизам.**Националната мрежа со поддршка на општина Центар организираше школа за женски активизам. Целта на оваа активност беше зголемување на знаењата на девојките на возраст од 15 до 18 години за темим поврзани со родова еднаквост и родово базирано насилство.

Работилниците се оддржуваа за викенди во текот на месец октомври и ноември. Школата ги опфати следните теми: Родови идеали, родови стереотипи, дискриминација, моќ, привилегија и еднаквост, родово базирано насилство и женски активизам. На секоја од работилниците присуствуваше по една предавачка/гостинка, феминистка од некоја од женските организации.Последниот викенд беше направена прошетка низ територија на Општина Центар, во која тренерките заедно со учесничките на школата утврдуваа родови проблеми, а во остатокот на работниот ден беа развивани родови иницијативи.

Како резултат на заедничка дискусија, и одржување на школата, произлегоа две иницијативи:

- Одржување на врсничка едукација (секоја од кандидатките во школото во кое учи, односно во нејзиното одделение);
- Снимање на видео за утврдување на родова дискриминација.

Откако беа завршени и активностите кои произлегоа од родовите иницјативи, односно беа завршени врсничките едукации, и беше снимено и монтирано видеото за утврдување на родова дискриминација, на секоја од учесничките им беа доделени сертификати за учество во Школата за женски активизам.

16 ДЕНА АКТИВИЗАМ ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

➢ Во рамките на **16 дена активизампротив насиство врз жените** во текот на ноември-декември, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство организираше јавни дебати во партнерство со **Форумите/Униите на жени** на политичките партии во Македонија на тема **„Важноста на женското здружување и обединување во борбата против родово засновано насилство“** Јавните дебати беа организирани во Битола (30 ноември), Свети Николе (3 декември), Струмица (4 декември), Штип (5 декември) и Куманово (6 декември).

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ПОДЕЛБА НА ПРИХОДИ СПОРЕД ПРОЕКТИ

	КтК - На патот до ЕУ: Спречување на насилство врз жените во Република Македонија	УНИЦЕФ „Национална студија за насилство врз деца“	УНИЦЕФ - „ Воспоставување на национална линија за советување за позитивно родителство„	WAVE – “Step Up” кампања	Општина Центар - „Летна школа за женски активизам“
Приходи по проекти	1,696,097.00 ден.	532,212.00 ден.	807,300.00 ден	234,213.00 ден.	150,000.00 ден.
	50%	24%	15%	7%	4%

ПОДЕЛБА НА ВКУПНИ ТРОШОЦИ

Категорија	Поделба на вкупни трошоци	Процент
Плати	906,040.00 ден.	29%
Административни трошоци	330,892.00 ден.	10%
Активности	1,918,070.00 ден.	61%



ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

УПРАВЕН ОДБОР - ЧЛЕНКИ

Неда Чаловска –Хелсиншки комитет за човекови права на Р.М. –Претседателка на УО

Маја Балшиќевска–Асоцијација за здравствена едукација и истражување- Х.Е.Р.А

Маја Дилберова –Кризен центар „Надеж“

Иванка Соколова –Асоцијација за унапредување на статусот на жената во Македонија „Женска акција“-Радовиш

Ѓунер Небиу –Женска граѓанска иницијатива „Антико“

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Елена Димушевска- Извршна директорка

Силвана Ивановска -Финансиски менаџер

Наташа Димитровска-Комуникации и застапување

Љупка Трајановска - Проектен асистент

Ивана Костовска - Проектен асистент

ДОНАТОРИ

UNDP
Empowered lives.
Resilient nations.

Kvinna till Kvinna

unicef

ЧЛЕНСТВО ВО НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ МРЕЖИ

WAVE Step up! CAMPAIGN
www.wave-network.org

ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ